**20260240363**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 и член 140 став 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25), и член 97 став 1 и став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ 124/2015 и 65/2018), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 3.2.2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ЕДИНСТВЕНИОТ КВАЛИФИКУВАН ПОНУДУВАЧ ЗА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 700 MHZ, 1800 MHZ И 3.X GHZ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАДИОКОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Се менува член 3 став 1 од Одлука за избор на единствениот квалификуван понудувач за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz за обезбедување на јавни радиокомуникациски мрежи и услуги на целата територија на Република Северна Македонија и тоа:

во алинеја 1 зборовите „15 години“ се менуваат со зборовите:

„12 години“.

Во алинеја 3 зборовите „15 години“ се менуваат со зборовите:

„12 години“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 4

Оваа Одлука е конечна.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 97 став 1 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија 124/2015 и 65/2018), каде е предвидено Исправање на очигледни технички грешки во управен акт, јавниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи, Агенцијата за електронски комуникации издава посебен управен акт.

Имајќи го предвид сето ова, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука е дозволена тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Бр.0201-81/7
3 февруари 2026 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику,** с.р.